# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БУЏЕТИТЕ

**Член 1**

Во Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/10, 180/11 и 171/12), по ГЛАВА VII се додава нова ГЛАВА VII-а и нов член 55-а, кои гласат:

„ГЛАВА VII-а
НАДЗОР

Член 55-а

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за финансии.

(2) Инспекцискиот надзор го врши Финансиската инспекција во јавниот сектор преку финансиски инспектори.“

**Член 2**

Во членот 56 став (1) во воведната реченица зборовите: „одговорното лице односно раководителот на буџетскиот корисник“ се заменуваат со зборовите: „функционерот кој раководи со буџетскиот корисник“.

**Член 3**

Во членот 57 зборовите: „4100 до“ се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице носител на платен промет за прекршокот од ставот 1 на овој член.“

**Член 4**

Членот 57-а се менува и гласи:

„(1) За сторените прекршоци од членовите 56 и 57 од овој закон, финансиските инспектори се должни на сторителот на прекршокот да му предложат постапка за издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка.

(2) Доколку финансискиот инспектор констатира прекршок, составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието и дава предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува финансискиот инспектор и сторителот.

(3) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар, финансискиот инспектор веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(4) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука.

(5) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(6) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(7) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (5) на овој член, финансискиот инспектор поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(8) Финансискиот инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (3) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(9) Во евиденцијата од ставот (8) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(10) Личните податоци од ставот (9) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(11) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

(12) За прекршоците предвидени во овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд."

## Член 5

По членот 57-а се додава нов член 57-б, кој гласи:

„Член 57-б

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците."

## Член 6

Подзаконскиот пропис утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето на сила на овој закон.

## Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".